// logo omitted

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КУМАНОВО

| | | |
|---|---|---|
| „Службен гласник на Општина Куманово“<br>Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово<br>Тел. 423-505<br>Одговорен уредник: Милена Ѓукиќ | Година LXVI<br>Број 5<br>Куманово<br>5 април<br>2021 г. | Претплата за 2021 година<br>изнесува 2.000 денари.<br>трезорска с-ка 100-0000000630-95<br>с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18<br>приходна шифра 725939 |


**208.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЕ „Бајрам Шабани“, дел од УБ 57, плански опфат меѓу ул. „Бајрам Шабани“, ул. „Франц Розман“, ул. „Драгојло Диндиќ“ и ул. „Киро Антевски“ - Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЕ „Бајрам Шабани“, дел од УБ 57, плански опфат меѓу ул. „Бајрам Шабани“, ул. „Франц Розман“, ул. „Драгојло Диндиќ“ и ул. „Киро Антевски“ - Општина Куманово, Бр. 09 – 2548/7, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 1 април 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-2832/1
2 април 2021 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**209.**

Врз основа на член 39 став 1 и 5 и член 41 став 5 алинеа 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ br. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20) и член 25 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 1 април 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за дел од У.Е. „Бајрам Шабани“, дел од УБ 57, плански опфат меѓу ул. „Бајрам Шабани“, ул. „Франц Розман“, ул. „Драгојло Диндиќ“ и ул. „Киро Антевски“ -Општина Куманово (2017-2022)**

Член 1

Со оваа Одлука се донесува ДУП за дел од У.Е. „Бајрам Шабани“ дел од УБ 57, плански опфат меѓу ул. „Бајрам Шабани“, ул.„Франц Розман“, ул.„Драгојло Диндиќ“ и ул.„Киро Антевски“ -Општина Куманово (2017-2022), со површина од 1.42 ха, изработен од ПЛАНЕРИС ДООЕЛ Куманово, со тех. бр. 15/17 од Јуни 2020 година.

Член 2

Составен дел на Детален урбанистички план за дел од У.Е. „Бајрам Шабани“, дел од УБ 57, плански опфат меѓу ул. „Бајрам Шабани“, ул.„Франц Розман“, ул.„Драгојло Диндиќ“ и ул.„Киро Антевски“ -Општина Куманово (2017-2022), со површина од 1.42 ха Куманово се:

- текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на Детален урбанистички план за дел од У.Е. „Бајрам Шабани“ дел од УБ 57, плански опфат меѓу ул. „Бајрам Шабани“,ул.„Франц Розман“, ул.„Драгојло Диндиќ“ и ул.„Киро Антевски“ -Општина Куманово
- Согласност од Министерство за транспорт и врски-Скопје бр.24-636/2 од 26.02.2021 год.
- Извештај од спроведена јавна презентација и јавна анкета по планот бр.21-2218/7 од 10.05.2019 г.

Член 3

Детален урбанистички план за дел од У.Е. „Бајрам Шабани“ дел од УБ 57, плански опфат меѓу ул. „Бајрам Шабани“,ул.„Франц Розман“, ул.„Драгојло Диндиќ“ и ул.„Киро Антевски“ -Општина Куманово (2017-2022), со површина од 1.42 ха по извршено дигитално преклопување од страна на Агенцијата за катастар на недвижности го спроведува Секторот за урбанизам при Општина Куманово.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 – 2548/7 Совет на Општина Куманово
1 април 2021 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

**210.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за донесување на Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од УЕ „Бајрам Шабани“ и дел од УЕ „Тоде Мендол“, дел од УБ 57 и УБ 60, плански опфат меѓу пешачка улица, ул. „Младен Стојановиќ“, крак на ул. „Доктор Рибар“ и ул. „Доктор Рибар“ - Општина Куманово**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од УЕ „Бајрам Шабани“ и дел од УЕ „Тоде Мендол“, дел од УБ 57 и УБ 60, плански опфат меѓу пешачка улица, ул. „Младен Стојановиќ“, крак на ул. „Доктор Рибар“ и ул. „Доктор Рибар“ - Општина Куманово, Бр. 09 – 2548/8, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 1 април 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-2833/1 Градоначалник
2 април 2021 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски, с.р.**

**211.**

Врз основа на член 39 став 1 и 5 и член 41 став 5 алинеа 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15,

193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20) и член 25 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 1 април 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за донесување на Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. „Бајрам Шабани“ и У.Е. „Тоде Мендол“, дел од УБ 57 и УБ 60, плански опфат меѓу пешачка улица, ул. „Младен Стојановиќ“, крак на ул. „Доктор Рибар“ и ул. „Доктор Рибар“ – Општина Куманово**

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. „Бајрам Шабани“ и У.Е. „Тоде Мендол“, дел од Урбан блок 57 и 60, плански опфат меѓу пешачка улица, ул.„Младен Стојановиќ“, крак на ул.„Доктор Рибар“, ул.„Доктор Рибар“ – Општина Куманово (2019-2024), со површина од 0.82 ха, изработен од ПЛАНЕРИС ДООЕЛ Куманово, со тех. бр. 01/19 од Ноември 2020 година.

Член 2

Составен дел на Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е.„Бајрам Шабани“ и У.Е.„Тоде Мендол“, дел од Урбан блок 57 и 60, плански опфат меѓу пешачка улица, ул.„Младен Стојановиќ“, крак на ул.„Доктор Рибар“ и ул.„Доктор Рибар“ – Општина Куманово (2019-2024), со површина од 0.82 ха Куманово се:

- текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е.„Бајрам Шабани“ и У.Е.„Тоде Мендол“, дел од Урбан блок 57 и 60, плански опфат меѓу пешачка улица, ул.„Младен Стојановиќ“, крак на ул.„Доктор Рибар“ и ул.„Доктор Рибар“ - Општина Куманово
- Согласност од Министерство за транспорт и врски-Скопје бр.24-1266/2 од 10.03.2021 год.
- Извештај од спроведена јавна презентација и јавна анкета по планот бр.21-1566/8 од 20.07.2020 г.

Член 3

Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е.„Бајрам Шабани“ и У.Е.„Тоде Мендол“, дел од Урбан блок 57 и 60, плански опфат меѓу пешачка улица, ул.„Младен Стојановиќ“, крак на ул.„Доктор Рибар“ и ул.„Доктор Рибар“ – Општина Куманово (2019-2024), со површина од 0.82 ха по извршено дигитално преклопување од страна на Агенцијата за катастар на недвижности го спроведува Секторот за урбанизам при Општина Куманово.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 – 2548/8 Совет на Општина Куманово
1 април 2021 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

**212.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**

**за објавување на Одлука за донесување на Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од УЕ „Бедиње“, дел од УБ 85, плански опфат меѓу ул. „Трајко Јовановски“, ул. „Новопланирана 2“, ул. „Новопланирана 1“ и ул. „Новопланирана 5“ - Општина Куманово“**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од УЕ „Бедиње“, дел од УБ 85, плански опфат меѓу ул. „Трајко Јовановски“, ул. „Новопланирана 2“, ул. „Новопланирана 1“ и ул. „Новопланирана 5“ - Општина Куманово, Бр. 09 – 2548/9, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 1 април 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-2834/1<br>2 април 2021 година<br>Куманово

Градоначалник<br>на Општина Куманово,<br>**Максим Димитриевски, с.р.**

**213.**

Врз основа на член 39 став 1 и 5 и член 41 став 5 алинеа 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20) и член 25 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 1 април 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за донесување на Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од УЕ „Бедиње“, дел од УБ 85, плански опфат меѓу ул. „Трајко Јовановски“, ул. „Новопланирана 2“, ул. „Новопланирана 1“ и ул. „Новопланирана 5“ - Општина Куманово**

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од УЕ „Бедиње“ дел од УБ 85, плански опфат меѓу ул. „Трајко Јовановски“, ул. „Новопланирана 2“, ул. „Новопланирана 1“ и ул. „Новопланирана 5“ - Општина Куманово (2018-2023), со површина од 8159,12 м², изработен од УРБАН ГИС ДОО Куманово, со тех. бр. У14/18 од Јули 2020 година.

Член 2

Составен дел на Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од УЕ „Бедиње“ дел од УБ 85 плански опфат меѓу ул. „Трајко Јовановски“, ул. „Новопланирана 2“, ул. „Новопланирана 1“ и ул. „Новопланирана 5“ - Општина Куманово (2018-2023) , со површина од 8159,12 м² Куманово се:

- текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од УЕ „Бедиње“ дел од УБ 85 плански опфат меѓу ул. „Трајко Јовановски“, ул. „Новопланирана 2“, ул. „Новопланирана 1“ и ул. „Новопланирана 5“ - Општина Куманово
- Согласност од Министерство за транспорт и врски-Скопје бр.24-7099/2 од 25.11.2020 год.
- Извештај од спроведена јавна презентација и јавна анкета по планот бр.21-2536/4 од 10.05.2019 г.

Член 3

Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од УЕ „Бедиње“ дел од УБ 85, плански опфат меѓу ул. „Трајко Јовановски“, ул. „Новопланирана 2“, ул. „Новопланирана 1“ и ул. „Новопланирана 5“ - Општина Куманово (2018-2023) , со површина од 8159,12 м², по извршено дигитално преклопување од страна на Агенцијата за катастар на недвижности го спроведува Секторот за урбанизам при Општина Куманово.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 – 2548/9
1 април 2021 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

**214.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Буџетски календар**

1. Се објавува Буџетскиот календар, Бр. 09 – 2548/6, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 1 април 2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-2831/1
2 април 2021 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**215.**

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 244/19 и 53/21), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 1 април 2021 година донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**

| Можен датум | Буџетски активности | Одговорност и законски прописи |
|---|---|---|
| Јануари | Започнува новата буџетска година, реализација и извршување на новиот буџет за тековна година | |
| Април | Министерот за финансии доставува до Владата на Р.М.фискална стратегија на Р.М. за наредни 3 години најдоцна до 15 април во тековна година | Член 16 став 1 од Закон за буџет (Сл.весник на Р.М. бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16) |
| Април-Мај-Јуни | Советот на општината го донесува буџетскиот календар | Член 27,став 4 и 5 од Законот за финансирање на ЕЛС (Сл. Весник на РМ бр. (61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и Сл.Весник на РСМ 244/19 и 53/21) |

| | | |
|---|---|---|
| Мај | Фискалната стратегија ја донесува Владата на Р.М. најдоцна до 31.мај во тековна фискална година и ги утврдува максималните износи на одобрени средства за наредни три фискални годиниза одделни буџетски корисанициод централната власт,врз основа на усвоена фискална стратегија | Член 16, став 2 и член 18 став 2 од Законот за буџети (Сл.весник на РМ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16) |
| Септември | Министерство за финансии го доставува Циркуларот најдоцна до 30септември,до Градоначалникот на општината со кој се утврдува формата и содржината на буџетот | Член 19став 3 од Закон за буџет (Сл.весник бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16) и член 27 од Закон за финансирање на ЕЛС (Сл.весник на РМ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и Сл.Весник на РСМ 244/19 и 53/21) |
| Октомври | Градоначалникот и Сектор за финансиски прашања се состануваат за да ги утврдат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година. | Градоначалникот и Сектор за финансиски прашања |
| Октомври-Ноември | Буџетски информации се доставуваат до Одделенијата во општината заедно со упатства за основни насоки и препораки од Градоначалникот кои се базираат на Буџетски циркулар | Сектор за финансиски прашања |
| Октомври-Ноември | Врз основа на буџетски циркулар се подготвуваат препораки за подготвување на финансиски планови на општински буџетски корисници и се доставуваат до нив | Сектор за финансиски прашања |
| Октомври-Ноември | Општинските буџетски корисници ги доставуваат нивните планови заедно со објаснување за одделните износи по позиции кои ги предложиле | Сектор за финансиски прашања |
| Октомври-Ноември | Сектор за финансиски прашања ги анализира барањата и доставени финансиски планови од општинските буџетски корисници,го известува Градоначалникот (За зголемени или намалени нивни барања)и ги вклопуваат во проекција на буџетот | Сектор за финансиски прашања |
| Октомври | Се изготвуваат предлог на план на програми за развој усогласени со насоки на Циркуларот | Член 21-б,став1 од Закон за буџет (Сл.весник на РМ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16) Сектор за урбанизам и комунални работи |
| Октомври-Ноември | Советот ги усвојува предлогот на планот на програми за развој на општината најдоцна до 15 ноември | Член 21-б став 2,3 од Законот за буџет ( Сл.весник на Р.М. бр.64/05,4/08,103/08,156/09 |

| | | |
|---|---|---|
| | во тековна година,и одобрениот план на програмите за развој е составен дел на предлогот на буџетот на општината. | 95/10,180/11,171/12,192/15 и 167/16)<br>Совет на општина Куманово |
| Октомври-Ноември | Проценки на трошоци и проекција на приходи за наредна буџетска година се враќаат во Одделение за буџет и финансирање,од останатите одделенија и сектори | Раководители на Сектори и Одделенија |
| Ноември | а) Се собираат буџетски барања<br>б) Се анализираат и усогласуваат буџетски барања и се доставуваат до Градоначалникот<br>в) Се изготвува биланс на приходи<br>г) Се изготвува биланс на трошоци | Сектор за финансиски прашања |
| Ноември | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог Буџетот подготвен од страна на Сектор за финансиски прашања | Градоначалник |
| Декември | Се доставува Предлог Буџетот за наредната година од страна на Градоначалникот до Совет на општината | Градоначалник<br>Член 31 од Закон за буџети (Сл. весник на РМ 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16) |
| Декември | Се води расправа во телата на Советот на општината | Комисија за буџет и финансирање |
| Крај на Декември | Советот на општината го усвојува Буџетот за наредната година ( најдоцна до 31 декември во тековната година) | Член 28 од Законот за финансирање на ЕЛС (Сл.весник бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 47/11, 192/15, 209/18 и Сл.весник на РСМ 244/19 и 53/21)<br>Совет на општина |
| Декември-Јануари | Усвоениот буџет се доставува до Министерство за финансии за негово вчитување и понатамошно следење и реализација | Сектор за финансиски прашања |

Бр. 09 – 2548/6
1 април 2021 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

**216.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 115, став 1 и член 116 став 1, алинеа 1 од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија., Бр.161/19, 229/20) и Барање од Џемаледин Азири директор на ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце Куманово бр.02-58 од 19.03.2021 година (08-2390/1 од 19.03.2021 година), Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за констатирање престанок на мандатот на директор на Општинско Основно Училиште „Кирил и Методиј“ с.Романовце Куманово**

1. Мандатот на директор на Општинско Основно Училиште ,,Кирил и Методиј“ с.Романовце Куманово, **Џемаледин Азири**, престанува поради поднесено барање со кое бара да се разреши од функцијата директор;

2. Со донесување на ова Решение престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.08-УП1-84 од 08.01.2021 година.
3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Куманово“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.08-УП1-84 од 08.01.2021 година, Џемаледин Азири беше избран за директор на ООУ ,,Кирил и Методиј“ с.Романовце Куманово, со мандат од 4 години. Од причина што избраниот директор на ООУ ,,Кирил и Методиј“ с.Романовце Куманово, Џемаледин Азири, поднесе Барање до Градоначалникот на Општина Куманово бр.02-58 од 19.03.2021 година (08-2390/1 од 19.03.2021 година), според кое бара да се разреши од функцијата директор од здравствени причини, како и согласно наведените одредби од Законот за основното образование и надлежностите на Градоначалник на Општина, Градоначалник на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука**: На ова Решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето, до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.08-УП1-84
29 март 2021 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**217.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Р.М., Бр.05/02), член 115, став 1 и 118, став 1, 3 и 4 од Законот за основното образование (,,Службен весник на Република Северна Македонија., Бр.161/19, 229/20), Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### за именување на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште “Кирил и Методиј” с.Романовце Куманово

1. **СЕ ИМЕНУВА Скендер Рушити**, дипломиран професор по одделенска настава, одделенски наставник во ООУ„Кирил и Методиј“ с.Романовце Куманово, за вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште „Кирил и Методиј“ с.Романовце, Куманово;
2. Мандатот на вршител на должност директор на училиштето од точка 1, трае до изборот на директор на училиштето, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување;
3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово, беше констатиран престанок на мандатот на директор на Општинско Основно Училиште „Кирил и Методиј“ с.Романовце Куманово, поради барање за разрешување на функцијата директор.Согласно член 118, став1 од Законот за основно образование, Градоначалникот во рок од три дена од разрешувањето на директорот, именува вршител на должност директор на училиштето. Постапувајќи согласно наведениот закон, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: На ова Решение дозволена е жалба во рок од 15 дена од денот на добивање до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.08-УП1-1690 Совет на Општина Куманово
29 март 2021 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

**218.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за деловно – финансиско работење на ЈП „Чистота и зеленило" – Куманово за период Октомври – Декември 2020 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за деловно – финансиско работење на ЈП „Чистота и зеленило" – Куманово за период Октомври – Декември 2020 година, Бр. 09 – 2548/3, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 1 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-2827/1 Градоначалник
2 април 2021 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски, с.р.**

**219.**

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19) и член 69 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 1 април 2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештај за деловно-финансиско работење на ЈП „Чистота и зеленило" – Куманово за период Октомври – Декември 2020 година**

1. Се усвојува Извештајот за деловно-финансиско работење на ЈП „Чистота и зеленило" – Куманово за период Октомври – Декември 2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 2548/3 Совет на Општина Куманово
1 април 2021 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

**220.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната сметка и Извештајот за работа на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за период Јануари – Декември 2020 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната сметка и Извештајот за работа на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за период Јануари – Декември 2020 година, Бр. 09 – 2548/4, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 01 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-2828/1 Градоначалник
2 април 2021 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски, с.р.**

**221.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 25 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 1 април 2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишна сметка и Извештај за работа на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за период Јануари – Декември 2020 година**

1. Се усвојува Годишната сметка и Извештајот за работа на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за период Јануари – Декември 2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 - 2548/4 Совет на Општина Куманово
1 април 2021 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

**222.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Заклучокот во врска со Годишната сметка и Извештајот за работа на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за период Јануари – Декември 2020 година**

1. Се објавува Заклучокот во врска со Годишната сметка и Извештајот за работа на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за период Јануари – Декември 2020 година, Бр. 09-2548/4-1, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 1 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08 – 2829/1
2 април 2021 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**223.**

Врз основа на член 69 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, расправајќи по Годишната сметка и Извештајот за работа на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за период Јануари – Декември 2020 година, на седницата одржана на 01 април 2021 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Се задолжува Секторот за комунални работи, инфраструктура и сообраќај и заштита на животната средина и природата при Општина Куманово, да изготви Предлог – Одлука со која ќе определи локација на територијата на Општина Куманово на која граѓаните ќе можат да одлагаат градежен шут.
   Оваа Предлог – Одлука да ја изготви до наредната седница на Советот на Општина Куманово, во соработка со задолжените за подготовка на Предлог – Програмата за управување со отпад.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 2548/4 - 1
1 април 2021 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

**224.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за настани и манифестации на Фондација за култура и спорт „Куманово“ – Куманово за 2020 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за настани и манифестации на Фондација за култура и спорт „Куманово“ – Куманово за 2020 година, Бр. 09 – 2548/5, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 01 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-2830/1
2 април 2021 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**225.**

Врз основа на член 69 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 01 април 2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишен извештај за настани и манифестации на Фондација за култура и спорт „Куманово“ – Куманово за 2020 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за настани и манифестации на Фондација за култура и спорт „Куманово“ – Куманово за 2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09 - 2548/5 Совет на Општина Куманово
1 април 2021 година Претседател,
Куманово **Атина Мургашанска, с.р.**

**226.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Заклучокот за исправка на техничка грешка во Одлуката бр. 09-1951/20 од 17 март 2021 година за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување во 2021 година на ЈП „Водовод“ - Куманово**

1. Се објавува Заклучокот за исправка на техничка грешка во Одлуката бр. 09-1951/20 од 17 март 2021 година за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување во 2021 година на ЈП „Водовод“ – Куманово, Бр. 09 – 2548/10, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 01 април 2021 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-2835/1 Градоначалник
2 април 2021 година на Општина Куманово,
Куманово **Максим Димитриевски, с.р.**

**227.**

Врз основа на член 66 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 01 април 2021 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за исправка на техничка грешка во Одлуката бр. 09-1951/20 од 17 март 2021 година за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување во 2021 година на ЈП „Водовод“ - Куманово**

1. Се врши исправка на техничка грешка во Одлуката бр. 09-1951/20 од 17 март 2021 година за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување во 2021 година на ЈП „Водовод“ – Куманово, со тоа што во членот 1 наместо бројот 03 – 46/10, треба да стои бројот 02 – 46/10.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 2548/10
1 април 2021 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

## СОДРЖИНА

**208.** Заклучок за објавување на Одлука за донесување на Деталeн урбанистички план за дел од УЕ „Бајрам Шабани“, дел од УБ 57, плански опфат меѓу ул. „Бајрам Шабани“, ул. „Франц Розман“, ул. „Драгојло Диндиќ“ и ул. „Киро Антевски“ - Општина Куманово........... 261

**209.** Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од У.Е. „Бајрам Шабани“, дел од УБ 57, плански опфат меѓу ул. „Бајрам Шабани“, ул. „Франц Розман“, ул. „Драгојло Диндиќ“ и ул. „Киро Антевски“ - Општина Куманово (2017-2022)..................................................... 261

**210.** Заклучок за објавување на Одлука за донесување на Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од УЕ „Бајрам Шабани“ и дел од УЕ „Тоде Мендол“, дел од УБ 57 и УБ 60, плански опфат меѓу пешачка улица, ул. „Младен Стојановиќ“, крак на ул. „Доктор Рибар“ и ул. „Доктор Рибар“ - Општина Куманово.............................. 262

**211.** Одлука за донесување на Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од У.Е. „Бајрам Шабани“ и У.Е. „Тоде Мендол“, дел од УБ 57 и УБ 60, плански опфат меѓу пешачка улица, ул. „Младен Стојановиќ“, крак на ул. „Доктор Рибар“ и ул. „Доктор Рибар“ – Општина Куманово.............................. 262

**212.** Заклучок за објавување на Одлука за донесување на Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од УЕ „Бедиње“, дел од УБ 85, плански опфат меѓу ул. „Трајко Јовановски“, ул. „Новопланирана 2“, ул. „Новопланирана 1“ и ул. „Новопланирана 5“ - Општина Куманово“............................................ 263

**213.** Одлука за донесување на Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од УЕ „Бедиње“, дел од УБ 85, плански опфат меѓу ул. „Трајко Јовановски“, ул. „Новопланирана 2“, ул. „Новопланирана 1“ и ул. „Новопланирана 5“ - Општина Куманово.......................................... 264

**214.** Заклучок за објавување на Буџетски календар............................ 265

**215.** БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР.............. 265

**216.** Решение за констатирање престанок на мандатот на директор на Општинско Основно Училиште „Кирил и Методиј“ с.Романовце Куманово........................................... 267

**217.** Решение за именување на вршител на должност директор на Општинско Основно Училиште “Кирил и Методиј” с.Романовце Куманово........................................... 268

**218.** Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за деловно – финансиско работење на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за период Октомври – Декември 2020 година............................................... 269

**219.** Заклучок за усвојување на Извештај за деловно-финансиско работење на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за период Октомври – Декември 2020 година... 269

**220.** Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишната сметка и Извештајот за работа на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за период Јануари – Декември 2020 година...................... 269

**221.** Заклучок за усвојување на Годишна сметка и Извештај за работа на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за период Јануари – Декември 2020 година...................... 270

**222.** Заклучок за објавување на Заклучокот во врска со Годишната сметка и Извештајот за работа на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за период Јануари – Декември 2020 година.................................................... 270

**223.** З А К Л У Ч О К............................. 271

**224.** Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за настани и манифестации на Фондација за култура и спорт „Куманово“ – Куманово за 2020 година...................... 271

**225.** Заклучок за усвојување на Годишен извештај за настани и манифестации на Фондација за култура и спорт „Куманово“ – Куманово за 2020 година...................... 271

**226.** Заклучок за објавување на Заклучокот за исправка на техничка грешка во Одлуката бр. 09-1951/20 од 17 март 2021 година за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување во 2021 година на ЈП „Водовод“ – Куманово 272

**227.** Заклучок за исправка на техничка грешка во Одлуката бр. 09-1951/20 од 17 март 2021 година за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување во 2021 година на ЈП „Водовод“ – Куманово............................................ 272